Н А Ц Р Т

З А П И С Н И К
од Двесте и дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 9 октомври 2026 година

Скопје, октомври 2026 година

З А П И С Н И К
од Двесте и дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 9 октомври 2026 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 15:15 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Јетон Шасивари, министер за правда, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Ѓоко Велковски, министер за социјална политика, демографија и млади, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата учествуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Агон Ферати, министер за односи меѓу заедниците, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Борче Серафимовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Сашо Клековски, министер за здравство, Иван Стоилковиќ, министер за локална самоуправа, м-р Седат Сулејмани, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Борко Ристовски, министер за спорт, Зулфиќар Зејнула, задолжен за меѓународни партнерства и странски инвестиции и Ерџан Демир, министер без ресор.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 9 октомври 2026 година, со Записник од Десеттата седница на Групата за процена на ризици и опасности, одржана на 9 октомври 2026 година, со Предлог-одлука

2. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата го разгледа Записникот од Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 9 октомври 2026 година, со Записник од Десеттата седница на Групата за процена на ризици и опасности, одржана на 9 октомври 2026 година, со Предлог-одлука и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 9 октомври 2026 година.

2. Го разгледа Предлогот на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија, го утврди и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Дирекцијата за заштита и спасување и раководител на Групата за процена на ризици и опасности.

3. Периодот за продолжување на прогласената кризна состојба поради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на населението, како последица од постоење на ризици и опасности во снабдувањето со стратегиски енергенси, како и попречување и блокирање на нивниот увоз во Република Северна Македонија, е со траење до 20 април 2027 година.

4. Се задолжуваат надлежните органи на државната управа да преземат мерки за справување со состојбата во врска со можноста за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија.

5. Се задолжува Главниот штаб за управување со кризи при Центарот за управување со кризи да ги следи состојбите, да координира со активностите во согласност со закон и редовно да ја информира Владата.

6. Да се извести Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за утврдениот Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба поради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

Точка 2

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка.

Точка 3

По однос на оваа точка немаше предлози.

Точка 4

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:20 часот.